Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10-270/4
30.03 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПОВТОРЕНА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.06 СО БЛОКОВИ 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14 КО БУТЕЛ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ




**ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ-МЕСТОПОЛОЖБА НА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.06 СО БЛОКОВИ 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14**

Границата на Градска четврт С.06, во општина Шуто Оризари е дефинирана со границата на блоковите 02, 03, 04, 05, 06, 07, 09, 10, 11, 12, 13 и 14, одредени со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012—2022 година, плански период 2021-2026 година.

Предеметниот опфат граничи со :

-На Северозапад со Градска четврт С.03 (осовина на ,,Новопланирана собирна улица 14'') и Градска четврт С.06 (осовина на собирна ул,,Индира Ганди 31'' и сервисна улица ,,С4-Брсјачка Буна'').

-На север се граничи со Градска четврт С.04 и С05 (осовина на ,,Новопланирана собирна улица 21'').

-На североисток се се граничи со Градска чртврт С.07 (осовина на собирна улица ,,Индира Ганди-Шуто ,,Шуто Оризари''), сервисна улица С7, ,,Нов живот'' (1158), сервисна улица С5 ул. ,, Хаџи Јован Шишко'').

-На југ се граничи со Градска четврт ССИ 02 .

-На запад се граничи со со границата од ГУП (,,Новопланирана собирна улица 13'' .

Согласно опишаните граници, вкупната површина на планскиот опфат на Градска четврт С.06 изнесува изнесува 104,20 ха.Согласно член 27 став (5) и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20 и 111/23 ) со Јавен повик се известуваат сите заинтересирани жители , правни субјекти и релеваннтни институции дека ќе се оддржи Повторена Јавна анкета и Јавна презентација (по трет пат) за предлог на Нацрт детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02, 03, 05,06, 07, 09,10, 11, 12, 13 И 14 КО Бутел која се наоѓа во рамките на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година за плански период од 2021-2026 година.

Повторената Јавна анкета ќе започне 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на овој Јавен повик (31.03.2026 година-14.04.2026 година) и ќе започне на ден 15.04.2026 година, заклучно со 30.04.2026 година и ќе трае 12 (дванаесет) работни денови.Повторената Јавна презентација ќе се оддржи на ден 27.04.2024 година (понеделник) во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари со почеток во 10 (десет) часот.

Нацрт предлогот на конечниот детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02, 03, 05 06, 07 09, 10, 11, 12, 13 И 14 КО Бутел ќе биде

изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на повторената Јавна анкета и Јавна презентација ќе можат да ги предложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700 и на веб страната на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk

Ова Соопштение со Јавниот повик ќе биде објавено на огласната табла во административната општинска зграда, на веб стараната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700, и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Скопје 31.03.2026 година

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш